**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Благој Бањански**
**именуван за подрачјето на**
**Основните судови Неготино**
**Велес,Гевгелија и Кавадарци .**
**ул. Фемо Кулаков бр.15/1-1**
**тел. 043 370-111** izvrsitel.banjanski@yahoo.com

**Образец бр.29**

**И.бр.867/24**

Извршителот Благој Бањански од Неготино врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Универзална Инвестициона Банка АД Скопје од Скопје** со седиште на ул.Максим Горки бр.6 - преку пол.адв.Петар Трајковски, засновано на извршната исправа Нотарски акт-Солемнизација ОДУ.бр.144/2021 од 05.3.2021 на Нотар Ѓорги Николов од Гевгелија и ОДУ бр.527/22 од 25.07.2022 година на Нотар Маргарита Вангелова од Гевгелија, против **заложен должник Друштво за производство, трговија и услуги ИНОСПИРИТ ДООЕЛ импорт-експорт Гевгелија** од Гевгелија со живеалиште на Борис Кидрич бр.44, за спроведување на извршување, на ден 10.12.2024 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА прва продажба со усно јавно наддавање на следниот подвижен предмет**:

**-ТРАФОСТАНИЦА, количина 1, производител ЕМО Охрид, тип EGN 630-10/04, година на производство 2006, сериски број 12270, моќност 250 KVA,составен од :**
**-**метално блиндирано куќиште со бетонско постолје,
-високо напонски дел со трафо и доводно-изводен дел со висок напон
-ниско напонски дел со доводно-разводен дел со шина
-трансформаторски дел
-систем на врски помеѓу високонапонскиот и нисконапонскиот дел, сопственост на заложен должник Друштво за производство, трговија и услуги ИНОСПИРИТ ДООЕЛ импорт-експорт Гевгелија од Гевгелија, **со проценета вредност од 2.152.500,оо денари, под која подвижниот предмет не може да се продаде на првото усно јавно наддавање.**

**Продажбата ќе се одржи на ден 30.12.2024 година во 12:00 часот во просториите на Извршител Благој Бањански од Неготино.**

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник „НОВА МАКЕДОНИЈА" и електронски на веб страницата на Комората.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од проценетата вредност на предметот, најкасно до 29.12.2024 година.

**Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.240320002215396 која се води кај УНИ Банка АД Скопје.**

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметот, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Предметот што е ставен на продажба може да се разгледа по претходна најава кај Извршителот.

И З В Р Ш И Т Е Л
Благој Бањански

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на територијата каде што ќе се спроведува извршувањето согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување